СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. 03-58
05.10. 2012 година
Скопје

Врз основа на член 5, 18 и преодната одредба што се однесува на усогласување на актите член 104 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/10 и 135/2011), Собранието на Сојузот на математичари на Македонија Скопје на својата седница одржана на ден 22.09.2012 година го усвои, а Претседателот на Сојузот на математичари на Македонија Скопје го попиша следниов

# С Т А Т У Т
# НА СОЈУЗОТ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
**- пречистен текст -**

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Сојузот на математичарите на Македонија (во понатамошниот текст Сојузот) е научен и стручен Сојуз на лица, математичари од Република Македонија, настанат со здружување лица и на здруженија на лица, организирани во Здруженијата на математичари во градовите од Република Македонија, заради усогласување и остварувањена своите интерси и заради вршење на дејности и активности кои се стремат кон негување популаризација и унапредување на математиката и нејзината примена.

**Член 2**

Сојузот своите цели, задачи и дејности ќе ги остварува во согласност со Уставот на Република Македонија, Законот, Статутот и општите и други акти што ќе ги донесе.

Сојузот е основан како непартиски, невладин и непрофитен Сојуз на МАТЕМАТИЧАРИ на Македонија.

**Член 3**

Називот на Сојузот е: СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА.

Скратен назив е: СММ

**Член 4**

Седиште на Сојузот е во Скопје на Бул. Александар Македонски бб.

Сојузот се организира и делува на територија на Република Македонија.

**Член 5**

Сојузот е правно лице.

Сојузот има своја жиро сметка, печат и штембил.

Печатот на Сојузот е тркалезен со натпис:

СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ, а во средина се наоѓа амблемот на сојузот.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Штембилот на Сојузот е правоаголен со димензии 6см х 3см со натпис:
СОЈУЗ НА МАТЕМАТИЧАРИ
НА МАКЕДОНИЈА
Бр. _______________
____________20___година
Скопје

**Член 6**

Сојузот може да биде член на меѓународни асоцијации на математичари и на други асоцијации од соодветната област.

**Член 7**

Сојузот го преставува и застапува претседателот на сојузот.

Во случај на отсутност на претседателот на Сојузот го застапува односно го преставува лице кое ќе го определи и ополномошти претседателот на Сојузот.

**Член 8**

Работата на Сојузот и неговите тела е јавна.

Јавноста се обезбедува:

- со редовно информирање на своите членови и здруженија за своите активности,
- со увид во спроведувањето на програмските задачи,
- со поднесување извештај за работата на органите и телата на Сојузот и за материјално-финансиското работење на Сојузот.
- преку средствата за јавно информирање.

## ЦЕЛИ НА СОЈУЗОТ И ДЕЈНОСТИ СО КОИ СЕ ОСТВАРУВААТ ЦЕЛИТЕ

**Член 9**

ЦЕЛИ НА СОЈУЗОТ се:

- да ја обезбедува, помага и обединува работата на членовите во врска со популаризација и унапредување на математиката и нејзината примена;
- да ги следи и проучува проблемите на наставата по математика и да дава придонес за усовршување на истата;
- да дава придонес за стручно и методско усовршување на наставниците по математика од основните и средните училишта, високото образование, како и за стручњаците од стопанството;
- со издавање на научни, стручни и стручно-методски публикации да ја збогатува научната и стручната литература по математика;
- да соработува и одржува контакти со сродни сојузи и здруженија во нашата земја и странство;
- да ја следи и поттикнува примената на математиката во останатите науки
- да врши популаризација на математиката по пат организирање предавања, семинари, симпозиуми, конгреси и слично;
- да организира натпревари по математика, математички школи и кампови
- да го следи развојот на математиката;
- да организира тематски собранија за наставните планови и програми, учебниците и други прашања во врска со наставата;

- да ги ангажира членовите на Сојузот како соработници во различни институции и тимови за извршување на одредени задачи на делување во областа со која се бави Сојузот.

ДЕЈНОСТА со кои ќе се остваруваат целите ќе биде активност на Сојузот класифицирана според национална класификација на дејности со која Сојузот ќе ги остварува своите цели утврдени со Статутот.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА СОЈУЗОТ ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА НЕГОВИТЕ ЧЛЕНОВИ

### Член 10

Сојузот е организиран како Сојуз во кој се здружени лица и здруженијата на математичари од општините и градовите во Република Македонија, заради заедничко унапредување на работата и активностите, усогласување, реализирање и целосно спроведување на програмските активности, унапредување на стручната работа и остварување на други прашања од заеднички интерес.

Заради поцелисходно извршување на својата дејност Сојузот може да формира огранoци во пооделни општини на Република Макрдонија, доколку во тие општини нема формирано и регистрирано здружение приклучено кон Сојузот. Во една општина може да се формира само еден огранок на Сојузот.

Одлуката за формирање на на огранoци донесува Собранието на сојузот на предлог на членовите на Сојузот и Управниот одбор.

Со посебен правилник усвоен од Собранието на Сојузот се одредува организациона поставеност на огранoците.

### Член 11

Член на Сојузот може да биде секое лице државјанин на Република Македонија, кое е математичар, и доброволно ќе пристапи кон Сојузот и ќе ги прифати целите и задачите на Сојузот утврдени со овој Статут, како и методите на остварување на истите, без оглед на неговата полова, расна, национална и верска припадност или политичка определба.

Управниот одбор на Сојузот може да одлучи член на Сојузот да биде и лице кое не е математичар или кое не е државјанин на Република Македонија.

Членовите на Сојузот пристапуваат со пристапница за членство.

Сојузот за своите членови води евиденција за платена чланарина и регистар на членство кој се ажурира еднаш годишно.

### Член 12

Членовите на Сојузот имаат право:

- да бираат и да бидат бирани во сите органи и тела и да учествуваат во нивната табота,
- да ги покренуваат сите прашања што произлегуваат од член 9 од овој Статут.

Членовите на Сојузот имаат обврски:

- редовно да ја плаќаат членарината, еднаш годишно,
- навреме да ги извршуваат сите одлуки и заклучоци на органите и телата на Сојузот,

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

- да го чуваат имотот и угледот на Сојузот.

За својата работа членовите на Сојузот одговараат пред Собранието и пред соодветните органи и тела во кои се избрани.

**Член 13**

Членството во Сојузот престанува:

- по лична желба на поединечен член,
- заради неисполнување на обврските спрема овој Статут.

Член на Сојузот може да биде исклучен заради неисполнување на обврските од член 12 од овој Статут.

Одлуката за престанување (или исклучување) на членувањето ја донесува Управниот одбор на Сојузот.

Исклучениот член има право на жалба до Собранието на Сојузот кое донесува конечна одлука по жалбата.

**Член 14**

Сојузот може на предлог на Управниот одбор да избира свои почесни членови.

**Член 15**

На истакнати долгогодишни членови на Сојузот, Сојузот може да доделува признанија, дипломи, плакети, благодарници и друго.

## ОРГАНИ НА СОЈУЗОТ

**Член 16**

Органи на Сојузот се:

- СОБРАНИЕ,
- УПРАВЕН ОДБОР,
- НАДЗОРЕН ОДБОР

Органите ги остваруваат своите права и должности според постојните законски прописи и овој Статут.

**Член 17**

За поодделни области од својата дејност органите можат да формираат комисии, одбори и други тела.За задачите и престанокот одлучуваат органот што ги формира.

**Член 18**

Собранието е највисок орган на Сојузот и може да биде редовно или вонредно.

Редовното собрание се одржува секоја година.

Времето и местото на одржување го одредува Претседателот на Сојузот.

Седницата на собранието ја свикува Претседателот на Сојузот, со писмено известување до членовите на Собранието.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

Вонредно собрание може да биде свикано по инцијатива на Надзорниот одбор, Управниот одбор, по писмено барање од најмалку три здруженија во Сојузот или по барање на најмалку 30 членови на Собранието.

Вонредно Собрание мора да биде свикано во рок од 14 дена од денот кога е побарано свикувањето.

Ако Управниот одбор не свика вонредно собрание во пропишаниот рок, тогаш него го свикуваат предлагачите определувајќи го времето и местото на одржувањето.

Вонредното собрание работи само по оние прашања по кои е свикано.

**Член 19**

Собранието го сочинуваат поединечните членови на Сојузот и по еден преставник на секои 10 членови на здруженијата – членки на Сојузот.

Во работата на Собранието можат да учествуваат и други заинтересирани лица, но без право на одлучување.

Собранието може полноправно да работи ако се присутни повеќе од половината од членовите на Собранието.

Одлуките на Собранието се полноважни ако за нив гласале повеќе од половината од присутните членови на Собранието.

**Член 20**

Собранието донесува Деловник за работа.

**Член 21**

СОБРАНИЕТО:

- го донесува Статутот на Сојузот и одлучува по предлози за негово менување,
- ги усвојува извештаите од Надзорниот одбор и Управниот одбор и дава насоки и план за работа во наредниот едногодишен период,
- усвојува завршна сметка и финансиски план на Сојузот,
- одлучува за промена на целта на здружението,
- одлучува за основање и укинување на ограноците,
- одлучува за здружување или разделување од други сродни асицијации и за зачленување во сојузи и мегународни организации,
- констатира прием на нови членови и престанок на членувањето,
- го избира Претседателот на Сојузот,
- ги избира членовите на Управниот одбор на Сојузот,
- ги избира членовите на Надзорниот одбор на Сојузот,
- претседателот на Управниот одбор е и претседател на Сојузот,
- одлучува за престанокот на здружението со двотретинско мнозинство,
- ја одредува висината на членарината,
- решава по жалба на решенијата на Управниот одбор,
- одлучува за сите други прашања во согласност со Законот и овој Статут.

**Член 22**

На Собранието се одлучува со јавно гласање.

Изборот на членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор Собранието го врши со тајно гласање. Собранието може да одлучи тајно да се гласа и за други прашања.

Секој член на Собранието има право на еден глас.

**Член 23**

Управниот одбор на Сојузот го сочинуваат седум члена. Во неговиот состав влегуваат: Претседателот на Сојузот, потпретседател, секретар и четири члена.

На својот прв состанок, Управниот одбор избира потпретседател и секретар на Сојузот од членовите на Управниот одбор.

Секретарот се избира од местото каде што е седиштето на Сојузот.

Со Управниот одбор раководи претседателот, а го заменува потпретседателот.

На покана на Претседателот на Сојузот во работата на Управниот одбор може да присуствуваат и главните уредници на списанијата кои ги издава Сојузот (Математички Билтен, Сигма, Нумерус) и претседателите на комисиите за натпревари, без право на глас и само по точки на дневен ред кои се однесуваат на нивната активност.

Мандатот на членовите на Управниот одбор е 4(четири) години.

**Член 24**

УПРАВЕН ОДБОР:

- ги подготвува седниците на Собранието,
- го подготвува нацртот на Статутот и другите одлуки што треба да се донесат,
- ги спроведува заклучоците и одлуките на Собранието,
- по укажана потреба формира стручна служба и врши контрола на нејзината работа,
- управува и одговара за управувањето со имотот на здружението,
- подготвува годишен или периодичен извештај за својата работа,
- ги потикнува членовите на работа и извршување на задачите предвидени со овој Статут,
- со членовите ја координира расправата по одделни прашања предвидени со овој Статут,
- изготвува и предлага годишна програма за работа, годишен буџет и правилници на Сојузот,
- го разгледува извештајот за материјално-финансиското работење на Сојузот,
- ги организира натпреварите по математика,
- одлучува за учество на ученици и студенти за мегународни натпревари по математика,
- усвојува програма за работа на математички школи и кампови,
- формира постојани и повремени комисии за работа во врска со задачите на Сојузот,
- организира советување, семинари, симпозиуми, конгреси и други стручни и научни собири,
- предлага одржување на тематски собранија за наставните планови и програми, учебниците и други прашања во врска со наставата,
- избира членови на уредувачки и редакциски одбори на изданијата на Сојузот,
- врши и други работи во согласност со Статутот и други акти.

**Член 25**

Заклучоците на Управниот одбор се полноважни ако на состанокот е присутно мнозинството од членовите на Управниот одбор. Одлуките се донесуваат со мнозинство од вкупниот број членови.

За својата работа Управниот одбор одговара пред Собранието.

**Член 26**

Постојани комисии на Сојузот се:

- комисија за натпревари,
- комисија за наука,
- комисија за унапредување на наставата по математика,
- комисија за издавачка дејност, и
- комисија за школи и кампови.

Постојните комисии ги формира Управниот одбор.Тие се состојат од претседател и два члена.

Комисијата ја свикува и со нејзината работа раководи претседателот.За својата работа комисиите му поднесуваат Извештај на Управниот одбор.

**Член 27**

Работата и задачите на на секоја постојана комисија се уредува со посебен правилник кој го донесува Управниот одбор.

**Член 28**

ПРЕТСЕДАТЕЛ – ЗАСТАПНИК НА СОЈУЗОТ

Застапник на Сојузот е Претседателот на Сојузот со мандат од 4(четири)години со можност за повторен реизбор.

Претседателот на Сојузот има обврска да ги спроведува одлуките на Собранието и на Управниот одбор на Сојузот.

Го застапува Сојузот и склучува договори од името на Сојузот според донесените одлуки од органот на управување на Сојузот.

Се грижи за законито работење на Сојузот и е должен да ги предупреди органите на управување за незаконитоста во нивните акти.

За работењето, претседателот на Сојузот одговара пред Собранието.

## ТРГОВСКО ДРУШТВО НА СОЈУЗОТ

**Член 29**

За финансирање на своите функции и цели Сојузот основа Друштво со ограничена одговорност „Нумерус-Сигма".

Средствата за формирање на трговското друштво се од средствата на Сојузот.

Дејноста на ова Трговско друштво е: Издаваштво и интелектуални услуги од областа на математиката.

Дејноста на трговското друштво поблиску ќе биде одредена со актот за основање на Трговското друштво во согласност со законските прописи.

Добивката на трговското друштво ќе биде наменета за финансирање на работата на Сојузот и остварување на целите од член 9 од овој Статут.

## НАДЗОРЕН ОДБОР

**Член 30**

Надзорниот одбор се состои од три члена, кои се избираат од редот на делегатите присутни на Собранието и е со мандат од 4(четири) години.

**Член 31**

На конститутивна седница надзорниот одбор од своите членови избира свој претседател.

**Член 32**

Надзорниот одбор врши контрола за наменско користење и располагање со средствата и приходите на на Сојузот.

За својата работа Надзорниот одбор одговара пред Собранието.

**Член 33**

Членовите на Надзорниот одбор можат да побараат увид во финансиската документација на Сојузот по нивно наоѓање.Увидот мора да им биде обезбеден во најкус можен рок, а најмалку една една недела по нивното писмено барање.

Секој член на Сојузот со писмено образложение може да побара да се изврши увид во користењето на средствата и приходите на Сојузот.

Увидот го врши Надзорниот одбор, по што писмено го известува членот за резултатите од увидот.

## МАТЕРИЈАЛНО – ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НА СОЈУЗОТ

**Член 34**

Материјално финансиското работење на Сојузот се врши во сообразност со законските прописи и правилникот за материјално финансиско работење на Сојузот.

Финансиските средства за остварување на целите и задачите од член 9 од овој Статут, Сојузот ги остварува од:

- членарина,
- буџет на Република Македонија,
- буџетите на единиците на локалната самоуправа и буџетот на Град Скопје,
- приходи од добивките на трговското друштво што е формирано од страна на Сојузот,
- прилози, подароци, донации, спонзорства и други извори.

**Член 35**

За користење и располагање со средствата на Сојузот одлучуваат органите на Сојузот согласно надлежностите утврдени со овој Статут.

Органите од став 1 од овој член се должни да превземаат мерки за економско наменско користење на средствата и за спречување и отстранување на незаконитостите.

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *

**Член 36**

Наредбодател за извршување на финансискиот план на Сојузот е претседателот на Сојузот.

## ПРЕСТАНОК НА СОЈУЗОТ

**Член 37**

Сојузот престанува да работи:

- со одлука на Собранието на Сојузот, донесена со двотретинско мнозинство од вкупниот број делегати, и
- од причини наведени во член 63 од Законот за здуженија и фондациите (Сл.весник на Р.Македонија бр.52/10).

**Член 38**

Во случај да престане работата на Сојузот целокупниот имот преминува во асоцијација која ќе ја продолжи неговата дејност.

Во случај да не постои таква асоцијација целокупниот имот преминува на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје до основање на асоцијација која ќе ја продолжи дејноста на Сојузот.

Доколку во рок од 6 месеци не се основа асоцијација од став 1 и 2 од овој член имотот на Сојузот преминува во трајна сопственост на Институтот за математика при Природно-математичкиот факултет во Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Право на толкување на одредбите на овој Статут има Собранието на Сојузот, а помеѓу две собранија Управниот одбор.

**Член 40**

Овој Статут може да биде изменет на начин на кој е и донесен, по инцијатива на Претседателот на Сојузот, Управниот одбор или најмалку еден повеќе од половината од вкупниот број на членови на Собранието.

Инцијативата односно предлогот, треба да содржи аргументирано образложение.

**Член 41**

Со денот на влегување во сила на овој Статут престанува да важи Статутот донесен на ден 17.02.2001 година.

**Член 42**

Овој Статут влегува во сила со денот на неговото донесување.

Претседател на
Сојузот на математичари на Македонија Скопје

Алексо Малчески